# ЗАКОН

## за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Вториот Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа - ТТФСЕ 2

### Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка со заем во износ од 15.000.000 евра, наменет за реализација на Вториот Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа - ТТФСЕ 2.

### Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за Вториот Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа - ТТФСЕ 2, кој ќе се склучи меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

### Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 17 години, со вклучен грејс период од пет години. Каматната стапка по која ќе се сервисира заемот е ЛИБОР (за евро валута) плус варијабилен распон. Каматната стапка може да биде и помала во зависност од важечките одлуки на Меѓународната банка за обнова и развој.

Заемот ќе се отплаќа во 24 полугодишни рати, секоја во износ од 625.000 евра. Отплатата ќе се врши секој 15 јуни и 15 декември во годината, почнувајќи од 15 декември 2012 година, а завршувајќи на 15 јуни 2024 година.

Во грејс периодот од пет години, што претставува и период на реализација на проектот, ќе се плаќа само камата на заемот.

На денот на повлекување на средствата, Република Македонија ќе и плати на Светската банка еднократна провизија во износ од 1% од износот на заемот, која може да биде и помала во зависност од важечките одлуки на Меѓународната банка за обнова и развој.

На износот на неповлечените средства од заемот се плаќа провизија пропишана од страна на Меѓународната банка за обнова и развој во висина од 0,75% годишно, која може да биде и помала во зависност од важечките одлуки на Меѓународната банка за обнова и развој.

Провизијата на неповлечени средства од ставот 5 од овој член се плаќа полугодишно на 15 јуни и на 15 декември секоја година.

**Член 4**

Корисник на средствата од заемот од членот 1 на овој закон е Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија. Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија на Царинската управа и на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници Скопје, од вкупниот заем од Светската банка ќе им распредели евро индексиран денарски износ на дел од заемот потребен за спроведување на активностите од проектните компоненти чија реализација е во надлежност на Царинската управа и на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници Скопје.

**Член 5**

Целокупното сервисирање на заемот од членот 1 на овој закон ќе го врши Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија од Буџетот на Република Македонија. Во сервисирањето на обврските на заемот, соодветно на искористените средства од заемот, ќе партиципираат Царинската управа преку Министерството за финансии и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници Скопје.

**Член 6**

Фондот за магистрални и регионални патишта и Царинската управа ќе склучат договор за регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка за реализацијата на Вториот Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа - ТТФСЕ 2.

**Член 7**

Фондот за магистрални и регионални патишта и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници Скопје ќе склучат договор за регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка за реализацијата на Вториот Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа - ТТФСЕ 2.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".